Арх. Бр. УПП-8/2024
Дата: ___________ год.
27 -11- 2024

Предмет: одговор на претставка со арх.бр.УПП-8/2024 од 17.07.2024 година од страна на група анонимни незадоволни граѓани, жители на 8-ма урбана заедница на ул.„Јане Сандански“,ул.„Галичица“,ул.„8-ми септември и ул.„Ванчо Питошески“, општина Охрид во врска со Нацрт на планот за изработка на нов ДУП за УЗ 8.1 опфат 4.

Во врска со предметната претставка со арх.бр.УПП-8/2024 од 17.07.2024 година доставена до Министерството за животна средина и просторно планирање од страна на група анонимни незадоволни граѓани, жители на 8-ма урбана заедница на ул.„Јане Сандански“,ул.„Галичица“,ул.„8-ми септември и ул. „Ванчо Питошески“, општина Охрид, незадоволни и револтирани во врска со Нацрт на планот за изработка на нов ДУП за УЗ 8.1 опфат 4, Секторот за правни и општи работи – Одделение за постапување по претставки и предлози по службена должност ја достави предметната претставка до општина Охрид- Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште со Барање на мислење како првостепен надлежен орган на државна управа (локална самоуправа), поконкретно, да се произнесе погореименуваниот општински Сектор

Nr.Arh. UPP-8/2024
Data: ___________

Lënda: Përgjigje ndaj ankesës me nr. ark. UPP-8/2024 nga data 17.07.2024 e paraqitur nga një grup qytetarësh anonimë të pakënaqur, banorë të Njësisë Urbane 8, të rrugëve „Jane Sandanski“, „Galiçica“, „8-Shtatori“ dhe „Vanço Pitosheski“, komuna e Ohrit, lidhur me Draftin e planit për hartimin e Planit të ri të Detajuar Urbanistik për UZ 8.1, fushëveprimi 4.

Në lidhje me ankesën e dërguar me nr. ark. UPP-8/2024 nga data 17.07.2024, e dorëzuar në Ministrinë e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor nga një grup qytetarësh të pakënaqur anonimë, banorë të Njësisë Urbanistike nr. 8, në rrugët "Jane Sandanski", "Galiçica", "8 Shtatori" dhe "Vanco Pitosheski" në komunën e Ohrit, të cilët janë të pakënaqur dhe të revoltuar lidhur me projektin e planit për krijimin e një Plani të Detajuar Urbanistik për UZ 8.1 Zona 4, Sektori për Çështje Juridike dhe të Përgjithshme - Njësia për shqyrtimin e ankesave dhe propozimeve, me detyrë zyrtare, e ka dërguar ankesen në fjalë në Komunën e Ohrit – Sektori i Urbanizmit dhe Menaxhimit të Tokës Ndërtimore me Kërkesën për mendim si organ i shkallës së parë kompetent i administratës shtetërore (vetëqeverisja lokale), më konkretisht, që të shprehet ky sektor i Komunës lidhur me pikën 3, 4 dhe 6 të ankesës në fjalë, duke marrë parasysh që banorët kërkojnë një


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësordhe Planifikimit hapësinore Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

по однос на точките 3, 4 и 6 од предметната претставка, имајќи предвид дека во содржински наведеното жителите повикуваат на внимателно сработена анализа и целосно истражување, презентирано на јавноста со издржани документи.

Општина Охрид, Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште – Одделение за просторно планирање, урбанистичко планирање, управување со градежно земјиште и недвижен имот, се произнесе со одговор во форма на писмен допис Бр.19-9283/7 на ден 22.11.2024 година, со следното:

- претставката се однесува на постапката за донесување на ДУП за УЗ 8.1 опфат 4, која се води на системот е-урбанизам, со број на постапка 59551;
- моменталниот статус на предметот (12.11.2024 година) е кај планер (корекција на нацрт на ДУП) поради прикачено мислење со забелешки од страна на Комисијата за урбанизам;
- откако планерот ќе доставел корегиран Нацрт-план, постапката ќе продолжела во целост согласно член 27 од Законт за урбанистичко планирање („Службен весник“ на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 73/24 и 224/24);
- дополнително општина Охрид се има обратено до Изработувачот на урбанистичкиот план за

analizë të kujdesshme dhe një hulumtim të plotë, i paraqitur publikisht me dokumente të mbështetura.

Komuna e Ohrit, Sektori i Urbanizmit dhe Menaxhimit të Tokës Ndërtimore – Njësia e Planifikimit Hapësinor, Planifikimit Urbanistik, Menaxhimit të Tokës Ndërtimore dhe Pasurive të Paluajtshme, ka dhënë përgjigje me një shkresë të shkruar me numrin 19-9283/7 më 22.11.2024, me sa vijon:

- Ankesa ka të bëjë me procedurën për miratimin e PUD për UZ 8.1 Zona 4, e cila po zhvillohet në sistemin e-urbanizëm, me numër të procedurës 59551;
- Statusi aktual i çështjes (12.11.2024) është tek planifikuesi (korrigjimi i projektit të PUD) për shkak të mendimit të bashkangjitur me vërejtjet nga Komisioni i Urbanizmit;
- Pasi planifikuesi të dorëzojë plan-projektin e korrigjuar, procedura do të vazhdojë plotësisht në përputhje me nenin 27 të Ligjit për Planifikim Urbanistik ("Gazeta Zyrtare" e Republikës së Maqedonisë së Veriut, nr. 32/20, 111/23, 73/24 dhe 224/24);
- Për më tepër, Komuna e Ohrit ka kontaktuar Hartuesin e Planit Urbanistik për të marrë një përgjigje mbi pretendimet në ankesa dhe ka marrë përgjigjen e mëposhtme me shpjegime:


Министерство за животна срединаи просторно планирањеnaРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësordhe Planifikimit hapësinore Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

произнесување по наводите во претставката и го доби следниот одговор со образложенија:

**1. по однос точката 3 од предметната претставка** дека ДУП во изработка е спротивен на Планот за управување со светското природно и културно наследство и Охридскиот регион, одговорот е дека пред распишување на јавна анкета и презентација, а согласно одредбите од Законот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, ќе се побара мислење од Комисијата за управување со светското, природно и културно наследство на Охридскиот регион. Без позитивно мислење од Комисијата за управување, планот нема да добие согласност од Министерството за транспорт;

**2. по однос на точката 4 од предметната претставка** дека теренот е со ниски физичко, механички карактеристики поради што ќе резултира со геомеханички пореметувања, одговорот е дека градежно-конструктивните проекти, во натамошните постапки за добивање одобренија за градење, ќе се користат податоци од елаборати за геомеханика, изработени за конкретни парцели. Согласно Законот за градење, задолжително е добивање Мислење за проектираниот

1. **Për sa i përket pikës 3 të ankesës në fjalë** që thotë se PUD në përpunim është në kundërshtim me Planin për Menaxhimin e Trashëgimisë Botërore Natyrore dhe Kulturore dhe Rajonit të Ohrit, përgjigjja është se para shpalljes së anketës publike dhe prezantimit, dhe në përputhje me dispozitat e Ligjit për Menaxhimin e Trashëgimisë Botërore Natyrore dhe Kulturore të Rajonit të Ohrit, do të kërkohet mendimi i Komisionit për Menaxhimin e Trashëgimisë Botërore Natyrore dhe Kulturore të Rajonit të Ohrit. Pa një mendim pozitiv nga Komisioni për Menaxhimin, plani nuk do të miratohet nga Ministria e Transportit;
2. **Për sa i përket pikës 4 të ankesës në fjalë** që thotë se terreni ka karakteristika të ulëta fizike dhe mekanike që mund të shkaktojnë çrregullime gjeomekanike, përgjigjja është se projektet për ndërtim dhe konstruksion, në fazat e mëtejshme për marrjen e lejeve të ndërtimit, do të përdorin të dhëna nga elaboratet për gjeomekanikë, të realizuara për parcela specifike. Në përputhje me Ligjin për Ndërtim, është e detyrueshme të merret një mendim për nivelin e projektuar të qëndrueshmërisë mekanike, stabilitetit dhe mbrojtjes sizmike, si një nga kërkesat themelore për

степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита, како едно од основните барања за градбата. Со тоа би се елиминирала можноста за било какви хаварии од конструктивен аспект.

**3. по однос на точката 6 од предметната претставка** обемен одговор е даден од страна на Изработувачот на урбанистичкиот план, Институтот за урбанизам, сообраќај и екологија єо Бр.0301-464 од 03.10.2024 година.

ndërtimin. Kjo do të eliminojë mundësinë e ndodhisë së ndonjë dështimi nga aspekti konstruktiv;

3. **Për sa i përket pikës 6 të ankesës**, është dhënë një përgjigje voluminoze nga Hartuesi i Planit Urbanistik, Instituti për Urbanizëm, Trafik dhe Ekologji me numër 0301-464 nga data 03.10.2024.

**По овластување на Министер / Me autorizim të Ministrit**

**Раководител на Сектор за правни и општи работи**
**Udhëheqës i Sektorit për Çështje Juridike dhe të Përgjithshme**
Билјана Тешева Ѓоргиевска

Изработил/Përpiloi: Виш соработник за постапување по претставки и предлози
Bashkëpunëtor i lartë për trajtimin e ankesave dhe propozimeve
Анета Михајловска


Министерство за животна срединаи просторно планирањеnаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësordhe Planifikimit hapësinore Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk